Ристо Лазаров

# М Р А К

Везилка 2011
Библиотека Поезија, книга 14

Ристо Лазаров
Мрак

Јазична редакција
Бобан Карапејоски

На корицата
„Повик“ од Илија Пенушлиски

Ристо Лазаров

# МРАК

Скопје, 2016

# ПОРТОКАЛОВ МРАК

*На гробот на Славко Јаневски*
*на 29 јуни 2013*

Знам
дека не се обѕираш
на гракањата на гарваните
и наминав да помуабетиме
во идно време.
Ти донесов, се разбира,
и некоја китка
чиешто латинско име
ти сигурно го знаеш
оти сите знаат дека ги знаеш
имињата на сите билки
и на болките што се ицедуваат
од секоја од нив.
Ако не заврне,
а во татковината во последно време
се истураат разни дождови,
порои, поплави,
ако не заврне, де,
можеби ќе имаме време
и за по една лута
а во себе ќе ја викнеме
и најубавата песна за Јана
онаа *Јано мори, севдалино*
ти за ќерка ти, јас за внука ми,
та песните се да зреат
од колено на колено.

Гледам,
сношти биле тука

некои неканети
со црни ризи и лажни фенери
(од кори од скапани лубеници)
со суви глуждови и со празни черепи –
да ти ги гребат мртвите коски
да ти ја растревожат постелата
да ти ја оцрнат покривката.
Не знаат црнодушите
какви и колкави убоди од комарци
си истрпел на живо
и пак не ти молкнале
и извиците и лелекањата
оти никој поарно од тебе
во животецот не ја знаеше
*убавината на болот.*
Гледам, црнодушите
одоколу правеле заслони
на јасна месечина да не им се видат
клуновите, канџите
и бесниот павтеж на црните крилја.
Не знаеја кутрите,
ја засолнети, ја на ачик истопорени
дека со клун камен не се крши
и со најбесен павтеж планина не се урива,
ниту над планината се досегаат
балоните со собрани соништа.

Гледам,
од себе кон себе си врвиш
и презирно им одмавнуваш
на душеболните, празноглавите
поганџии на Кукулино
и ѓоа заштитницина Свети Адонис.
Ќори заштитници
кои не можат или не сакаат да видат

дека *крадците се сè уште побрзи од огнот*
и дека облакот спасител
никогаш не доаѓа според возниот ред
ама кога-тогаш ќе дојде
и ќе им дојде на црвјосаните до акот
ќе им ги дупне мешунките
во кои се туткаат лажните проповедници
ќе ги запре плениците
на разни коњи, волови и шмизли
и понатаму да ги гмечат зборовите.
Облакот спасител
не живее само во песните
иако знае и за Кундера, и за Гинтер Грас,
тадури и за Борхес
кои баш сега на врв облак
фатени онака машки, преку рамо,
се мачат да ги фатат првите тактови на
*Тешкото.*

Знам,
многу време пред наездата на душеболните
самиот прорече: *Ќе се покриеме со*
*портокалов мрак.*
Друга боја има ли мракот?
Друга боја има ли крвта?
Друга боја имаат ли мртвите коски?
На кои бојаџии
да им објаснува човек
дека Бог првин секому ќе му даде
според потребите и секому според залугите
па потем на сите ќе им ги преврти џебовите.

Не знам,
Бог ли беше тој што постави тешко прашање
Би се родил ли повторно во оваа татковина

и би живеел ли повторно тука?
Навистина не знам
кој праша
дал’ Авел, дал’ Каин денес
е пpероден во наш брат
и дали ќе се најде некој
со нов опит да му одговори:
ќе биде ли ова вечна Каинавелија
и ќе има ли самракот боја
на мртов јужен плод?

# МРАК

# МРАК

Насекаде
разулавени ноќни ветришта –
ние сардисани во мракот
си го павтаме црниот прав
и си го тргаме од бога акот.
Црни птици, црни јајца несат.

Лелекања по предците,
лелекања по потомците
во мракот без ред и правда.
Црни пештери, црни очи
паралдисани, безгледни.
Црно сонце, црни реки,
црни давеници –
секој сам за себе дупка
во црна дупка пропаднат.

Црни во мракот
се запознаваме –
не ни е сосем јасно,
ја живи сме, ја мртви сме.
Што останало од
згрутчената иднина:
првин гризни некој друг,
па гризни се себеси.
Никој тука ниту гледа,
ниту ферма.

Крстосниците без патокази
ниту абер некому да сториш
ниту гостин да ти дојде.

Мама Реа прогласила починка
на таламбасите и сега се врти
со душите исчадени на рингишпил
околу вселената. Чкрипи
рингишпилот, ама колку-толку
се помрднува светот
од скаменетото мирување.

Од тајните пукнатини
излегуваат новородени киклопи –
малку збунети, а многу силни.
Кога ќе речат – речено е:
од секој хаос не се создава надежта.
Таа е еднаш засекогаш. Додека
трае премиерата, нема
влезници за репризи во мракот.

Од далеку се наслушнува
зарипнато рикање на лав.
Па, кој ќе преживее
ќе раскажува, што друго.

# МАГЛА

Попаднала магла,
сиот живот го покрила.
Сонцето се скрило –
едни велат од кукавичлак,
други дека добило вртоглавица
од толку многу вртење,
па сега не може да се врати
кај што му е местото.
А маглата пасе ли пасе,
наперната како олимписки
победник во соборување на сонцето.
Барем да има абер каде е Олимп
и кој владее таму.
Важно ѝ е да се изнапасе,
да има резерви за летните горештини.
Се заѕидуваат дури
и прозорците, оти
ова е таква магла –
лефтерно се пробива
и низ стаклото.
Таква маглива меретија
од дамнини немало:
ти го мати умот
и не ти дава да мислиш.
И што мислиш,
не ти дава да запишеш.
Како господар на ненапишаното е –
ништо и никако црно на бело.
Сал нови мапи
дозволува да се цртаат
и тоа без мрморења и дрдорења.

Такнато – макнато:
нови мапи, нов свет,
а ништо написмено.
Шуќур што маглата
не може да те сети
кога пцуеш во себе
и си мисли дека молчиш,
молчиш од уплав.
А, што во густата магла
стануваат невидливи,
тоа воопшто не значи
дека баксузлиите не постојат.

# ТУНЕЛ

Од нигде никаде
се најдовме
во овој тунел.
Внатре ни пруга
ни асфалтна лента:
просто, тунел за луѓе.
Секакви меѓу нас:
пензионери без доспеани
пензии, мајки со детулиња
неколку месеци без
социјална помош.
Не знаеме кога се стемнува
и кога се разденува.
Белки уште се разденува.
Чувствуваме, животот нѐ гледа.
Белки и ние ќе го видиме еднаш.
За душите наши
не гарантираме –
тие ќе останат во тунелот
со погледи што магнетите
од средиштето на земјата
ги влечат удолу, удолу.
Во тунелот има само темнина,
ништо друго. И една
раскршена гајба за шишиња
со млеко. Шишиња нема,
а гајбата парчосана,
како плачот на децата.
Во тунелот е збрано
сето синило на роднокрајното небо.
Светлината била
на крајот од тунелот –

така се учеше во
вишите школи за оптимизам.
Нашиот тунел
нема ни почеток ни крај.
А темнината
со нокти не се гребела.

# ДАБ

На врв Вардарски Рид
има еден столетен даб,
раскрилил поглед
од Пела до Вавилон.
На сите им се чини
дека под дабот седи
Александар од Пела
и сите заеднички личат
на романтична карикатура.

Ајде ред се редат, мале,
како ретки дапчиња
под големиот даб –
запинаат да ја отворат
портата на темнината
и зад портата да плачат,
да лелекаат колективно,
оти резил било
колективното лелекање
пред порти, пред очевидци.

Ликот под дебелиот даб
дури сега, бааги отпосле,
го убедуваат дека лично тој
мечтаел да му се појави на небото
ѕвездата од Вергина,
го убедуваат и да диши длабоко,
подлабоко од најдлабоките мориња,
да не се обѕира
на клештењето на ѕверовите,
та тие се затоа наредени

како суви дапчиња:
да го спречат
клештењето на ѕверовите
и да му го оживеат
задоволството од победата,
то ест од победите во множина.

Сувите дапчиња
од лично искуство знаат
дека сè може да се исуши
при висок степен на температура
и уште повисок степен
на лесноумост,
но ја трпеа сушата
и сушата во умот и во душите,
не посакуваа порои и светкавици
оти тогаш немаше громобрани.

Носеа наредените
како суви дапчиња
и турли-турли понадици
и чорба од златни рипки,
која со стрвно ркање
внесува три желби
во стомакот, а од стомакот,
се знае, не излегуваат
како рипки, ни *з* ни *р*
од златни рипки
не излегуваат од стомакот.
Но, од каде да знаат
кастрираните типчиња
во што се претвораат
златните рипки во стомакот,
па и на оној горе,
под столетниот даб!

Уф, колку слатко
си ги чепкаа носовите
пред портите на темнината
и вадеа од нив топчиња
од мрсули и згрутчена крв –
сите топотеа поземи
и повторуваа како папагали:
сите мали народи
изобилуваат со големи водачи
за кои бааги отпосле
се троши многу бронза и камен.

Отпосле од отпосле,
кога сфатија сувите дапчиња
дека заскитале во
мракот на историјата,
кога некои почнаа дури
и да се прашуваат
ако нема гроб, има ли јунак,
има, има си велеа, за таквите
прават споменици
на незнаениот јунак,
се прават, впрочем,
секакви споменици,
та дури и на криво магаре,
па сега вие видете
и проценете сами.

На самрак
една сојка, бездомница
ли беше или бегалка
од своето јато, сеедно,
им запеа тивко, тивко,
на увце што се вели:

Никој не треба да ги
навредува Македонците,
а најмалку самите вие.
Тогаш сувите дапчиња.
наредени како што
дојдоа на врв рид,
почнаа да се спуштаат
прудолу, кон автопатот,
на кој одвај се стапнуваше
од толку многу издувни гасови,
како автомобилите
да користат грав за гориво.
И никој не можеше да се сети
кој учен човек беше бил рекол
дека секој има право на самоуништување,
пу-пу, скраја да е!

# ГЛУВА ДОБА

Дури и специјалистите
за бескрајно повторување на лагите,
немаат гаранција дека ќе направат
нови вистини од пластелин.
Нивната врева испарила
во врелината на денот.
Ливадите угор се сторени.
Каменот и кога се тркала
е безвучен, предвесник
на глувата ера. Штом ќе се раздени,
молкот расте, расте до небото.
На сите светски берзи
ничкосана е вредноста на молкот.
За првпат молчењето не е злато,
бесплатно е. Молчењето сега
разденува во душите на збунетите
минувачи низ времето. Јазикот,
врзан во јазол, без верноста на
бившите слуги. Неспокојните зборови
се на годишен одмор. И водопадите
се урнисуваат во таинствена тишина.
Секој грозд, секое зрно набрано
на гроздоберите се полни замолкнатост.
Гроздоберачите ги заборавиле
ланските песни. Ноќум глувата тишина
сака да се смени со денот. И глувоста
има право на бела виделина.
Ту заматена, ту бистра е замолченоста.
Изборот секогаш го прави некој друг.
Берачите на габи, по дождот,
безшумно лебдат по планинските патеки.

А, од врвовите се спушта и општа мрза.
Се гледа со голо око: пупките трендафилови
ги мрзи да расцутат во градините.
Па, и галебите премалеле, не гракаат
ни од болка, ни од глад. Тренираат молчење
и пикирање во длабочините на глувата доба.
Некое прле пред магаре пушти глас:
дали во глувата доба се произведува
пеколот?
И во што се изобличува глувата доба
на влезот во чистилиштето? Специјалистите
за пеколот и чистилиштето, вклучувајќи го и
Данте,
не знаат каде мадро седат и мудро зјапаат.

# НИГДИНА

Утрово
по сношните
големи демонстрации
седам на пластичното столче
на балконот на петти кат
и зјапам, зјапам
во нигднината.

Во градот
застанало сѐ.
Саде црнила –
црни стакла
на прозорците,
црни гипсови
врз скршениците
на повредените.
Поцрнеле
и црвените гајби за пиво
пред маалската продавница.
Купишта празно време.

И облаците се застоени
и, се разбира – црни.
Црни сплеткари
во црните облаци
пловат ли пловат
којзнае каде,
сетики во мајчина им.
Не ги знаат
или ги испобркале
страните на светот.

А, и светот нацрнува,
сѐ повеќе и повеќе.

Гулабите
си го зеле следувањето
и одлетале од симсовите.
Од лишаите на времето
угоре се испаруваат
надежите на умните.
Таму ли е нигдината?

Утрово
по сношните
големи демонстрации
седам на пластичното столче
на балконот на петтиот кат
и чувствувам како угоре
испаруваат надежите на умните.
Таму ли е нигдината?
Каков ѝ е суратот штом рика како
аждер од средиштето на пеколот?

Долу учениците
се влечкаат нога за нога
и знаат дека денеска
ќе го пропуштат првиот час.
Немаат гајле. Горди се
и бучно расправаат
дека нигдината
не се римува со иднината.

Така е,
тука треба да се стави точка
и да се вдиши длабоко
мирисот на слободата.

# НИШТО

Ништо
не се прави од ништо,
не се прави со ништо.
Сака мастрафи,
дузини, дузини.
Сака страшен метериз да фати,
ливадите угор да се сторат,
во лозјата поберка да се направи,
да се обере, да се збере,
да се одбере, сака
барем еден водопад
да се урниса
во сопствената убавина.
Колку за лејки артис имаме:
празни глави, без радости,
без мака да виделе,
од ништо за ништо ујдисани.

И вртикапи вишок имаме,
порано ги викаа сончогледи
(демек, се вртеле кон сонцето
и врвеа кај што ги носеше ветрот)
а сега си се оригинал вртикапи,
граматички правилно,
само што петпари не даваат
за сонца и ветрови, ами
за други интереси
нови имиња што имаат –
интереси, тендери, сефови,
на ти го – дај ми го маткања
и така натаки, и така натаки –

цел еден том на речникот
на нашиот јазик,
кој ни бил татковина,
не стасува да се објасни
целосно и темелно
поимот вртикапа.
Башка што има и
вртишии и, да простите,
вртигази и вртиопашки.
Вртикапите си се вртикапи,
со глави панаѓурски вртелешки
и од нив се прави
ништо по мерка
и по последна мода
од француските журнали.

Сепак,
сака главата да ти пукне
да си сигурен дека
вртикапите се погонско гориво
како кометите, од чии опашки,
велат, се правело ништо.
Ја се правело, ја не се правело,
сам Господ знае и тешко на оние
што не му веруваат и нему.
Кометите и онака се дувниветри,
окус-покус препарандус,
опашката станала ништо.

Ништо се прави и од луѓе,
како што и некои луѓе
се прават ништо:
немаат чадори
и најлонски наметки
кога врне дожд

и севезден акаат
по пазариштата
белки како ништо
ќе најдат нешто,
на пример троа
сончева иднина
во која инаку
со боринче сака
да се бара некој
што верува.
Сегашноста им се
празните џепови,
која некој ербап им ја украл.
Ни ваму, ни таму
личат на она животинче
кое се вовлекува самото во себе.

Од ништо
се прават ноти
за маршот на заспаните.
Ништо не е за ништо
да не те бива,
ништо не е од камен
гнев ако исцедуваш,
ништото кога и да е
некогаш ќе живне
и тогаш никој
нема да може да рече:
ништо, де!

# ИМА ТАКВИ

# ИМА ТАКВИ

Има такви:
од нигде дојдени
нигде што нѐ водат
и многу сакаат
да бидат сакани.

Има такви:
низ реката што пуштаат
полни вреќи сегашност,
а ги хранат пастрмките
со древни сеќавња.
Икри од древност што прават.

Има такви:
собирачи на членарина
за постаро и поубаво минато
и ветуваат ѓоамити поубава,
а лажна и празна иднина.
Плус иднина
со уште неродени предавници.

Има такви:
свињогојци што се прикажуваат
како проучувачи на античка филозофија,
стенкачи на клозетски школки
со проширени срца
и длабоки џепови.

Има такви:
зачетници на банкарскиот терор,
змијоглави умножувачи на пизма,

напред марш, напред марш,
сите зад оној што маршира во железна чизма.
Напред марш, напред марш
во болницата за колективна клизма.

Има такви:
глуви на свирчиња
врбови и пластични,
на крајот на играта
гаќите помочани
што ги креваат на тараба,
да се засушат малку на сонцето
пред налетот на новата катаклизма.

Има такви:
севезден што згазнуваат
бели црници по дворовите,
а поткраднуваат цреши и сливи
прскани со модар камен
по овоштарниците на надежта.

Отсекогаш
имало баш такви –
никакви.

# МУЗЕЈ НА УРНИСУВАЊЕТО

Во овој музеј
не се чува,
ами се урива
минатото.
Тука нема ниту една
права линија:
сите патеки кон
подрумите на историјата
имаат цик-цак форма
и на крајот од секоја
посетителот удира со челото
во некоја од металните врати
зад кои се заклучени
за’рѓаните сеќавања.
Од зад секоја железна врата
железен лелек на некоја
восочна фигура.
И по некоја тупаница
по вратите: восочните
фигури мислат дека се
во царска зандана.
Во атриумот на музејот
восочните фигури
му се смеат на умот на посетителите.
Некои од нив лижат бонбони
со вкус на мента.
Некои итаат кон тоалетите
да си ги разладат вжарените очи.
Некои набрзина здиплуваат
по некое парче тишина.
Тишината си знае како ѝ е

кога не може да крикне:
сал таа знае дека железните врати
во Музејот се од хартија,
како што и стварноста надвор
е тенка како цигарова хартија.
Бива така кај некои
недоветни народи:
градителите на Музејот
да направат, всушност,
пародија на главатарите
и нивната ѓоамити
револуционерна борба.
Музејот така станува
простор на привидот и празнината.
Поле за картонско-гипсена
имитација на вековите.
Немајќи што да им покажат
на виртуелните посетители,
кустосите одат на патерици
како на физикална терапија.

# НАД РИДОТ

Црношумовит е врвот на ридот
и одвај се догледува
од подножјето на животот.
Прудолу се влечка, нога за нога,
маглата на разделбата.
Во маглата се препелкаат души
виуличави, како судбина.
Едно чудо ежови и гуштери
ту ткаат свила за ново знаме,
ту се напинаат низ маглата
да видат макар еден сончев зрак.
Вистина, има знамиња со сонца
ама само од тоа не се добива
топлина во душата.
Башка сонце, башка душа.
На една стена во маглата
силуети на планинари
учат како безболно се паѓа
во пропаста. Никако.
Дошла доба на општ привид.
Кога сонуваш, како да одиш
бос по трње. Очите да ти паралдисаат,
сонцето да не го видиш.
Поарно што не ги гледаш во маглата
купиштата ѓубре, та органско
та неорганско било. И што не знаеш
дека лаворот обесен околу вратот
на бронзениот поет е исушен и изеден.
Сува бесилка на историјата.
Маглата пасе занесено,
зад неа крлукот на провидноста на времето.

Со лошотилак магла не се разбркува.
Утре белки ќе стаса експрес препорачано
писмо
со троа сонце од пријателите во јабана.
И кога ќе се раздени,
бездруго ќе ја видам жената
како со ранче на грбот
на велосипед мигум прелетува над ридот
и лета, лета дури до потокот во Всинори
да си го заплакне чемерот во душата.

# КАДЕ ПОЧНУВА ИДННАТА?

Лунѕајќи
низ маглите на историјата
баш на гробот на дедо ми
ме плесна прашањето:
всушност, каде започнува
иднината?

Лесно е да кажеш
дека секој си ја носи
иднината со себе
(дури и има латинска поговорка
omnia meam mecum porto)
Вистинските маки
испливуваат како гериз
по пороj
откако логично ќе се
постави прашањето:
што е иднината
и, воопшто, има ли иднина?

# НЕСОЗДАДЕНА ИДНИНА

Однатре свети езерото
како сребрена крлушка.
Плива ли плива низ времето,
како што времето плива во езерото.
Капка бистро, заслон за сите капки.
Капка вода – капка време.
Капка воден паметник
на нечија прва љубов.
Капка со многу душа,
секоја го зголемува водостојот.
Секоја капка со својот шепот,
секоја планина со својата тежина.
Секоја капка со својот сончев зрак,
‘ко пливец езерски, од утро до мрак.

Над езерото манастир,
над манастирот библиски бели облаци
лулеат како пердуви од млади галеби.
Стрпливо чекаат езерото да фрли бран,
да ги исфрли од себе талозите анархија.
Околу езерото богати и сакати, секакви.
Сите му припаѓаат на езерото,
како што сите ѝ припаѓаат
и на љубовта и на татковината.

Понекогаш на небеските ченгели
над езерото висат мешини
полни густа влага. Некои од нив
се прикажуваат за иднина.
Тогаш на сите крајезерски мирадори,
уште од рани зори, господарите,
како издрпани улични бозаџии,

распостилаат нашминкана иднина.
Ја нудат за багателни цени.
Продажбата не врви, а господарите,
како и секогаш, отпосле осознаваат
дека иднината уште не е создадена.

# ИЗБРЧКАНА ДЛАНКА

Ќе речеш: циганска работа,
кому му дошло денес до гатање
од збрчкана дланка,
а не е само дланката збрчкана
и не е гатачката виновна за брчкањето.

Од подадената дланка,
некоја за гатање, некоја
за некоја ситна паричка,
сѐ почесто се истураат
порои од студени дождови
и врели солзи. Се заканува потоп.
И се скусува вечноста
на бездождноста во Луксор
и во градот на живите
и во градот на мртвите.
И во пцостите сѐ почесто
се споменуваат мртвите,
ѕвездите го губат сјајот на етичноста.

Којзнае од каде и како,
во левата рака останало бело јајце.
Се препечува и поцрвенува:
не е сека недела велигден
ама што ќе стане ако во сека рака
јајцата почнат да поцрвенуваат?
Кога јајцата ќе се скршат,
ќе биде ли тоа насилно испилување
на новата иднина,
ќе престане ли прикажувањето
на минатото како иднина?

Низ улиците се тркалаат зрна
од зрело грозје, никој не сака јагурида.

Старите цареви, без вина
кренати од длабок сон,
имаат вдлабени дланки
од долгото бесполезно
стегање на жезолот. Тие
што се дерат насекаде:
„Старо купувам, старо купувам“,
имаат масни дланки
од броење стари банкноти.

На езерскиот брег стариот рибар
за секој случај стиска в дланка
златна рипка. Научил од животот,
не од лажните гатачи на иднината:
поарно рипка в дланка, отколку
желби в езеро. Таквите рибари
биле сурови реалисти
и не се памети дека некоја риба
им измолкнала од раце.

# СВИРЧИЊА

Едно време,
кога имавме радио „Космај“
ни купуваа
мали метални свирчиња
жолтеникави по боја
за играчка
а и за доказ
дека сме го надминале
правењето свирчиња
од врбови гранки.

Откако потпораснавме
татковците за раце
нѐ водеа на утакмица
и таму видовме
и дека има и поголеми
и пошироки свирчиња
со кои силно свиреа судиите
особено кога досудуваа пенал
по што публиката
им викаше уа судија
и некои други грдотии
што не се за деца
кои татковците за раце
ги довеле на утакмица.

Откако пораснавме асолно
дојдоа повеќе години
на употреба на свирчињата.
Тие веќе не беа метални
ами пластични

и испуштаа заглушувачки
протестни свирежи –
низ цел свет:
од Беркли до Париз,
од Берлин до Белград.
Свирчињата беа повеќе
од весници на промените
ја тркалаа во себе
магијата на мугрите
и имаа статус на
активни револуционери.
Како што сакате
ама на револуциите
им прилегаат црвени свирчиња
и затоа тие секаде беа најбројни
што не значи дека немаше
и свирчиња со други бои.

Сега
веќе во години
кога имаме и мобилни телефони
пак сме украсени
со пластични свирчиња
во сите бои.
Им се придружуваме
на младите наши деца
кои секоја вечер
свират со свирчиња
по градските улици,
пред владата и парламентот
насекаде свират
а кога не свират
земаат здив
и протестно извикуваат:

„Нема правда, нема мир!“
Свириме и ние
запинаме од дното на белодробието
колку за поткрепа
на младите слободољупци.
Заеднички создаваме
нова животна симетрија:
колку повеќе свирчиња
толку повеќе слобода.
Кога свириме
заборававме на метафорите
и мислиме само на слободата.
Дури кога ќе се погледневме
еден со друг забележуваме
што убаво личат
маичките од предната страна
ишарани со боите на револуцијата
малку подиспотени
како узреана судбина.

# КУЧЕ КАСАПСКО

# КУЧЕ КАСАПСКО

Кутрињата
домашни миленичиња
речиси и не гризнале
касапска коска.
Тие се со нежни грла
и се хранат само
од продавниците
за здрава кучешка храна.
Здрава храна,
живи украси.
Прашање на денот
е кога овие кутриња
ќе заборават да лаат.
А, дека ни малите деца
не им се плашат –
навистина не им се плашат.

Кучињата касапски, пак,
се стара сорта:
без глодање коска
за нив животот нема смисла.
Штом ќе се докопаат до коска,
не ја пуштаат од уста
дури не најдат друга,
и сѐ така до последен здив.
Лаат, касаат кого ќе стасаат
додека не зграпчат коска:
од кого било, каква и да е –
катаден собираат
данок во коски
кучињата касапски.

Страв и трепет се,
безмилосни,
како и сите даночници.
Коските што ќе им преостанат
ги чуваат во специјални
сефови за коски. Некои
дури на некои далечни
острови и нив ги викаат
офшор-коски. Некои
поголеми кучиња касапски
полесно стасуваат до нив –
тие глодаат ли, глодаат
и ич не им е гајле
за потеклото на коските.

Кога е изборен ден,
кутрињата миленичиња
ги украсуваат со панделки
и им прават друштво
на оние со кои век векуваат,
а имаат право на глас.
Кучињата касапски, пак,
тогаш цел ден 'ржат, лаат,
се борат за секој глас,
сакаат народот да гласа
за нив, што ако потем
ќе ги проколнува,
како во онаа песната:
*ај пуст да е, пуст живот чучешки.*
Знаат кучињата касапски
дека зграпчената коска
не се испушта од уста.
Додека не налета некое мажиште
со некастрена ластегарка.

# ЗМИИ

Разни песни ми се мотаат в глава,
некои околу вратот како змиите
што им се мотаат околу врат на хиромантите
на плоштадите во туристичките места.
Некаде има и фестивали на такви змии
што сакаат многу да се сликаат
со хиромантите и случајните минувачи.
Некое дете, се разбира,
ќе ѕвисне пискаво кога ќе види таква змија:
навикнати се на јунаците од цртаните
филмови.
Змија што не каса змија ли е?
Со таква змија се обесмислува поговорката:
„Змија да те касне или магаре да ти го бапне“,
а поговорките не се за обесмислување
и змиски насмевки,
ами за извлекување поуки.
Сега сетики не е главна поука
дека поуките веќе не важат!

Има пусти пустелии
каде што живеат само змии.
Отров отровници, од змивче до змијуриште.
Таквите места се крстат змијарници,
а луѓето таму се висококвалификувани
змијари.
Отровниците се најлоши ако ги чепнеш
кога се излежуваат на врелиот асфалт.
Тогаш немаат милост за никого
(си ги трујат и сопствените опашки),
а кога ќе ги фатат на дело дека касаат,

се вадат дека смртта на каснатите,
всушност, е нивно ослободување.
Од што – не знаат да објаснат.
И си ја дувнуваат веднаш подземи,
се пикаат во змиска дупка.
Влегувањето во погрешна дупка –
и така, и така. Ама излегувањето
од погрешна дупка за секоја змија е фатално,
ако баш тогаш на стража е некој мунгос
што поминал низ многу невладини
работилници
и завршил високи курсеви
за ничкосување змии.

# ЈАЗОВЦИ

Молчаливи се, подземни намќори,
влакнести типови кои многу се перчат,
што влакната им се долги и остри.
Подземни кучиња се, не се нежни
миленичиња,
ама не лаат: поарно трај-прај.
Немаат баш чисти образи (од подземните
води
луѓето ископуваат живи води),
ама достоинствено си го носат бремето
на ползењето низ вековите. Бремето
е за да го носиш в душа,
а не да се срамиш од него.
Се накркале сѐ и сешто и ич не им е гајле
за ништожноста на сонот и ништожноста на
јавето.
Уште не пролазени ги учат бргу
да ги заборават тегобностите на животот.
Горди се што имаат спастрени одаи
и што уживаат во широчините на подземјето.
Башка, така и придонесуваат да се создаде
вишок градежен простор надземи,
па и на градоначалниците да им капне
нешто –
ако не се јазовци, тие се лизгаат низ
мандатите.
Црни јазовци излегле крај Црна Река
да си ја разладат малку црната тага.
Друго ќе беше да знаеја да свират на кавал,
ќе си приредеа целовечерна веселба.
Како што знаете, јазовците се третосменци:

сè што прават, прават ноќум –
пленот го догледуваат со мирисот,
јадат што ќе најдат, не се џимрии.
Да беа ноќни птици
ќе си организираа и навигациска служба.
Писателот Петар Кочиќ сведочи
дека победените јазовци секогаш
се претставуваат како невини жртви.
И на суд секогаш да ми ти велеле јазовците:
фатила милина, просто не се диши од
милина!
А, кој суд и која власт фаќа кусур ако е
милина?!

# ПОЛЖАВИ

Во нашиот народ
сите имаат прекари
и галани имиња,
па така и полжавите:
некои голичи, некои лигуши.
Останало запаметено:
сите полјаци биле голичи,
а бегови станале.
Сега снаодливите голичи
ги викаат бизнисмени.
Имаат рогови, а ги кријат –
од ситен дождец по обичај,
а душа немаат ако фатат силни порои.
Полжавите најуспешно се вардат самите
кога баш им е гајле за другите:
лозарскиот полжав, на пример,
цел ден минува една асфалтна улица.
Рамнодушност, сигурност,
би се рекло и полжавски егоизам.
Голичи, лигуши,
ама снаодливи во сексот:
полжавоизучувачите утврдиле
дека ако во близина нема кавалери,
полжавките си се оплодуваат сами –
што ќе му ја мислат тие,
нека се резили машкиот род,
оние, де, што се прикажуваат за Рамбовци.
И не е да речеш само сексот.
И за други работи ги бива полжавите.
Стрпливи и издржливи се, многу.
Од еден лондонски музеј стаса абер

дека некој полжав донесен од Алжир
четири години го чувале како мртов
експонат.
Мало невнимание било потребно
полжавот да биде испрскан со вода
за веднаш да почне да го грицка
ливчето врз кое бил сместен.
Иако ги викаме голичи, лигуши,
со полжавите сака внимателно.

# ЦРВИ

Црвите, сите до еден,
се лигави и млитави –
некои црвеникави,
некои сиви како времето
и како луѓето во времето.
Уште од предисториско време
црвите црвјосуваат сѐ
на што ќе налетат во нивните
подземни коридори –
севезден растат црвјосаните предели,
црвјосаните луѓе, тадури и држави.
Секоја црвјосана насока крие смртна
опасност.
Црвите од пониските слоеви
се задоволуваат со статусот дрвојади
и крцкаат во дрвените рамки
на брачните кревети баш кога не треба.
Друга сорта црви, пак,
милуваат да бидат црви на сомневањето –
сон не им даваат на ситните и крупните
грешници, а и на нивните гонители.
Однапред е пропаднат секој обид
за сотрување на црвјосаното племе:
пресечи еден – си направил два црва
и сѐ така до конечното црвјосување
на сѐ живо и диво. Ете, и некои луѓе
што се бројат меѓу асолните
почнуваат да се виткаат како црви –
не попусто се вели за таквите дека
не биле луѓе, ами обични црви.
Црвјосувањето е мек и бавен процес,

занает за кој мајсторско свидетелство
имаат млитавите црви.
Нестрпливи се само оние црви
што треба на челична јадица да завршат
во грлото на некоја крупна риба.
Црвите на готовс – а, крупните риби
во најдлабоките длабочини, чиниш
под заштита на државата.

# КРТОВИ

Кртовите работат ноќе, пред обденица.
Секогаш ноќе. Исклучок се кртовите
ударници,
кои деноноќно ги ставаат на услуга
своите предни нозе и муцки за риење –
секаде каде што ќе им се рече.
Вредни некои кртови, баш како и луѓето,
за кои се вели дека се вредни како кртови.
Вредно ги затвораат подземните коридори
на надежта кои водат до бел ден. Се прават
дека не чуле, а ќе да е вистина дека не знаат
ништо за светлината на душата. Не
поднесуваат
врева, заповедници се во гробната тишина.
Одбраните кртови намерно влегуваат
во туѓи дворови и водат со себе
по некое кртуле: ем да го научи занаетот,
ем да се вклучи копањето дупки другему,
ем да си го избистрат слухот до
совршенство.
Ако треба, да поткопаат и цели држави,
да прочепкаат во туѓопартиски архиви,
па и да придотераат некои архиви. Ќе се
најдат некогаш такви придотерани.
Таквите одбрани кртови ги викаат
инсајдери.
Не играат фудбал, а постојано се во офсајд.
Има луѓе што им влетувале в лице на
кртовите:
за навек лицата им се облеани со студена
скепса,

а прашање на време е кога ќе ги наполнат
гаќите од страв.
Има луѓе што гнијат по затворите
од што им застанале на кртовите на пат.
Тие се посреќни од оние на кои им е
пресудено на самото место. Кртовите мува
не ги лази.
Продолжуваат да произведуваат
привиденија,
да произведуваат состојба на духот
во која брат од брат се варди.
Кртовите кога ќе се појават
сонцето и кога грее суди
а наивните и лесноверните ги повторуваат
мувлосаните поговорки: „Вреден како крт,
како крт“.

# СТАОРЦИ

Подземи им е устроено сè:
од партиски знамиња до безгрижни
грицкања во државниот буџет
и сладострасно чешање на мешињата.
Да се знае кој е кој во резерватот на
животот!
Буричкаат насекаде,
никнуваат кај што не ги садиш –
грицкаат салати од правда,
грицкаат историски вистини во лути сосови,
грицкаат зборови, и од Толстој и од
Достоевски,
а најмногу грицкаат слобода на жар
зачинета со скаменети насмевки.
Оддалеку ги препознаваат
сите отрови за сите видови глувци.
Создатели се на волнените времиња
и на волнените канализации.
Велат, градат отворено општество,
ама никако не допуштаат
да се одлемат канализациските шахти.
Како штитови им служат шахтите,
ја антички, ја овоѕвездени.
Намќори се по табиет, а се клештат
баш како мизерни стаорци.
Подалеку од нив. Ако им подадеш рака,
ќе ти ја гризнат или испоганат шаката.
Летаат низ подземјето, самобендисано се
перчат.
Еднаш ќе летнат, мислат цел живот
само ќе летаат и ќе грицкаат.

Од таква заслепеност и не гледаат
дека шахтите на канализацијата
веќе се одлемуваат една по една
и дека токму нив, гордите стаорци,
набрзо ќе ги заплиснат силни млазови
од тушовите на историската правда
и дека ќе се исподаваат мислејќи
дека се бањаат и ги чистат своите
валканици.
На оној свет заминуваат без зборот
*љубов*, кој го нема во нивниот речник.

# МЕЃУ ДВЕ ВРЕМИЊА

# ПРАЗНОГЛАВЈЕ

Има тикви без семки, јаловици,
празни. Има и реки без вода,
за што сведочат рибите испофрлани на суво
и општата жед, изденуден сѐ поголема.
А, не е грев што жедните одбиваат
каков и да е допир со матна вода и други
матежи.
За матните води си има лејки, празни лејки:
се лулеат врз водените насмевки на
господарите.
Лејки како лејки, горди симболи на сите
празноглавја,
споменици на згорничавоста –
не потонуваат во езерските или во морските
води,
туку во батаците на понизноста и
ведниглавоста.
Врвен дострел на сите лејки е, ако може
некако,
со триста пластични операции да заличат
на господарот на сите лејки во светот.
Без да водат сметка колку многу се лажни
сличностите.
Лејки. А да се само лејките.
Ѓавол да го земе, има такви
со гиздави ловечки шапки,
а под шапките – празноглавје.
Празноглавје на готовс, што се вели,
постојано на услуга на оние што им
заповедаат
да пукаат по лисицата, а на лисицата веќе

ѝ рекле да фаќа вид-виделија. И меѓу
заповедниците има празноглави, ехехееej,
душа си дале за свечени паради.
Порано немало, ама сега и по плоштадите
има многу празноглави бронзени луѓе.
Главите им се некако коцкести, божем
од нив ќе се гради нов велеград,
населен со нови празноглави бронзени луѓе.
Секое дете мора да има дома кутии
со такви коцки. Ним им припаѓала иднината.
Во празноглавјето брмчат муви, бумбари,
секакви брмчала. Тоа се вика брмчење
во височина – местото на празноглавјето
му е на згорнината, а не во длабочината.
Така учи старото народно кажување,
што не значи дека празноглавјето нема
да земе замав и да ги превтри на глава
старите народни кажувања, да направи
од нив празноножја. Стој на глава зад
секоја грмушка на приодот кон душата.
Дотука, до некоја грмушка или пенушка,
стасува празноглавјето. Бездушјето е
во надлежност на други господари.
Празноглавјето влегува во самото себе
и век векува таму, одејќи на екскурзии
низ знаменити шуплини и шупли предели.
Празноглавјето проповеда да се сплотиме
така што ќе се оддалечиме. Од умот.
Празноглавите кога ќе скокнат од чамец
среде езеро, автоматски испливуваат на
згорнината,
ама си мислат дека скокнале до дното на
животот.

# ПРАЗНОДНЕВЈЕ

Уште од рани зори ѕвоната повикуваат на
танц.
Сите само се превртуваат на другата страна
и продолжуваат да сонуваат. Сните се полни
и отсекогаш биле поубави од јавето. На
некои
баксузи им влетувале и некакви акрепи, ама
тоа
бргу минувало. Со сните лесно се повела.
Потем некогашните барабанџии, со време,
додека не почнал денот, со мегафони
потсетуваат
дека денеска се одржува традиционалниот
панаѓур.
Никој не ги ферма ни мегафоните, сите
виделе
реклами на телевизија – туф, туф панаѓур!
И тоа среде ерата на глобализацијата. Ако
налеташ
на некое блескаво женско око и толку.
Момчињата
се одамна заминати во странство. Е, тоа е
панаѓур!
Малкумина свраќаат на панаѓурот,
мнозина исфрлаат од уста диви зборови.
Ама, баш диви, подиви од животинска рика.
Да не дојде Гемлин на панаѓурот? Та, баш
нашиот ли го избра, стопанката одметничка!
Не е на арно кога се шетаат толку бричени
глави.
Не е на арно и кога луѓето се тетереват

на враќање од панаѓур – шашардисани
од разни магии и хиромантски матракуки.
Едно петле, гледам, тажно се тртка лево-
десно:
буништа колку да сакаш – кокошки нема.
Цигани со наведнати глави водат
изгладнети коњи.
Цвеќе веќе никој не купува, дошло
празнољубјето.
Исчезнуваат панаѓурите, се гаснат скарите,
се празнат
буриињата пиво. Нема веќе ни музикантски
тајфи,
ни старовремски поети, трубадури. Сега во
музеите се прават свадби. И Прличев,
лавроносецот македонски, се напина
да си ја поткрене бронзената рака и да
си ги затне ноздрите. Не се издржува веќе.
На крајот на празнодневјето сака да вардиш
да не цапнеш во некоја несреќа. На крајот
секој останува сам, како оној Сизиф на
подножјето
на планината, ама него барем го паметат. За
наук.
Туку, оддалеку се слуша бучава, надоаѓаат
големи води, потоп. Еден коњ вкопан в
место
глуми магарешки инает. Да му се кажело,
фино лепо, сите коњи еден јавач ли ги јава?
Кој колку што може побргу затвора врати и
прозорци.
Се стемни, панаѓурот заврши,
а не оти некој знае кога пак ќе осамне.

# ПРАЗНОЗБОРЈЕ

Празнозборјето ни е во крвта.
Имаме повеќе празни зборови
отколку црвени крвни зрнца.
Од празнозборјето ѕидаме
кули од празнини. Темни
празнини, темни кули.
Ветер во магла. Меѓу две
празнини, лапаме муви. Чорба
од муви. Млатиме празна слама.
Мелат нашите празни воденици.
Дрдорковците ги размножуваат
празнините. Никој да им ги затне устите.
Требало прво стратегија за одбрана
од празните зборови. Печатена или
онлајн, по европски терк. Со посебен
акцент на тоа дека празнозборјето
севезден произведува нова самотија.
И дека секој вистински збор е само
појдовна точка. Да ги баталиме
прашалниците.
Особено оние за причините на
напуштеноста.
Секој збор се открива себеси,
а на ниту еден збор не му прилега
да биде нерасонет, уште и гурилав.
Денес моќта на сфингите се смета
за далечно минато. Нема веќе две души
во една – на лав, и на човек.
Нема кој да стави брана пред дотекот
на празнозборјето и темните празнини.
Нема кој да поставува неодгатливи загатки.

Секој си го варди само сопствениот
пиедестал на самотијата. Сите се прашуваат:
кој ќе се јунак изнајде на главниот плоштад
да го развее знамето на животот,
кој не страда од празнини? Сетики
тогаш ќе ни текне како со пропадува
празнозборјето
и од какви зборови се ѕида вечноста.
Како опитен советник, и Едип ќе ни шепне
нешто
за одгатливоста на загатките.

# НЕСОНИЦА

Колку што снемува за јадење,
расте вишокот од соништа:
колку што можат,
коска и кожа станати,
живите ги одменуваат умрените
сосе земјата и сните да им се лесни.

Сните почнуваат
со растерување на лучениците
и со заслон од предрасудите
на сопственото време.
Кога сѐ е стокмено,
засвирува флејта –
никој не препознава дали
звуците се весели или тажни.
Учените велат дека
е тоа волшебна флејта,
оти штом ќе го пушти првиот звук,
во црквата се појавува
нова фреска од секојдневјето.
Апостол Лука бил голем љубител
на свирењето на флејта.

Напати несоницата
се вртела на рингишпил
и се онесвестувала од многу вртежи.
Мнозина помислувале
дека последниот круг на рингишпилот
е и последниот меѓник
меѓу сонот и несоницата.
Ехеej, колку се измамиле така!

Сproти вртелешката – гробишта
од соништа, заборавени и запаметени.
Нема гроб без пердув од гулаб,
останало така од стари времиња.
На еден гроб, под полна месечина,
четворица играат карти. Од растреперените
раце,
на едниот му падна последната карта,
пикова дама. Грешник, или уште една средба
со музиката: Волшебна флејта, па Пикова
дама.
Кога фаќа несоница, на очи е непостојаноста
на зборовите и на шепотот на езерото.
Езерото бдее, брановите сонуваат.
Само властодршците ‘рчат, ѓоа спокојно.
Цело едно јато ластовици не може око да
склопи,
некој ги ставил на стража на телефонските
жици.
А што ќе биде кога ќе настапи безжичната
ера,
со подземните жици видовме дека добро се
снаоѓате,
рече една од ластовиците. Срамота е
ластовиците
да ви бидат стража и – точка. Најдете си
бувови.
Петли нема ни за лек. Нема кој да го
прогласи
осамнувањето, а којзнае дали и воопшто ќе
осамне.

# ТАЖНИ ГОЗБИ

Мојата здравица не допира до тебе,
ниту твојата здравица допира до мене.
Чашите полни, а погледите празни.
Тажни ни станаа гозбите:
безглави недопечени кокошки,
сарми полеани со скиснато кисело млеко.
Скиснато секојдневје.
Го нема веќе ни занесот во залаците
на незаситните усти на гоподарите –
создатели на мракот.
Догоруваат кандилата.
Кога-тогаш во заборав секој
ќе се спружи, резервациите
одамна се направени –
нема вечна наситка.
Дотогаш, а можеби и отпосле,
секој ќе си го поттикнува
зреењето на своето овошје,
а повеќе ќе се радува ако туѓото не узрее.
Воскресот на песната се влева во езерото –
пак ли ќе се удави, Господ знае.
(Ако не изматуфел и тој.)
Во езерото се влеваат и остатоци
од антиката и од средниот век.
Не е да не се запраша човек:
да не би некој да има на ум
од Езерото да направи
резервоар на историски остатоци?

Чашите уште се полни, а погледите празни.
Меѓи насекаде: меѓу левото и десното бедро,
меѓу левата и десната боска,
меѓу левата и десната страна
на разрокиот поглед. Живот од меѓи.
Па, како ли тогаш поминува времето?

Безимено ли е времето ако
во неговата врвулица
срцето името си го изгубило?
Ако имињата на луѓето
се во бестежински простор?
Ако десните крила на птицата
летаат со име, а левите павтаат
безимено и напразно?
Ене, и коњите во галоп го расчеречуваат
болот на копитото: едните нозе в лево,
другите десно. Едно име кога грми,
другото онемува. Име на судбината?
Музика на меѓите:
во едното уво Бетовен, во другото Моцарт.
Сал плачот на бебулето без меѓи.
Ќе да се врелите солзи на мајката.
Од нешто мора да можат да се избришат
сите меѓи. За гозбите да не ни се тажни.

# ПАУЗА МЕЃУ ДВЕ ВРЕМИЊА

Наизменично се згуснува,
па се проретчува историјата.
Во паузите сè повеќе маки
за присетување на нештата
изгубени во убавите времиња.
Отшто сите времиња биле убави.
Во сите времиња, на пример
(тука новото време не се брои),
имало трубадури и серенади,
убави девојки на пенџерињата.
Во убавите времиња
и се вртела свеста, од убавина.
Птичји измет ако ти паднел на глава,
ти носел абер дека ќе бидеш среќен.
Сега птичји измет ти паѓа
на автомобилскиот ветробран
и те тера да пцуеш, на ште срце –
за џабе ли си дал толку пари
за миење на колата вчера?!

Во паузата меѓу две времиња
во Стар-бак кафето зад
Браденбуршката капија
Нострадамус спокојно си пиеше
нешто жешко, а кубанската пура
му чадеше како парна локомотива
од претходното време. Како безделник
кој нема друга работа, Нострадамус
се мачеше да се присети колку знаци
има глаголицата и како изгледаат тие.
Не можеше да се присети ни

каде и како исчезна глаголицата.
Мислата му ја прекина еден балон
кој од небото фрлаше летоци
со три збора, латинични:
слобода, еднаквост, братство.
Тоа беше парола од некоја револуција
ама не е важно, бидејќи револуциите
лапаат деца: првин туѓите, па своите.
Ѓоа има разлика: децата си се деца,
само што едни имале среќа
да не бидат проголтани. И баш
среде мислата, со свои очи Нострадамус виде
како се струполува, цигла по цигла,
Берлинскиот ѕид. Прав му влезе
во жешкото питие и во паузата
меѓу две времиња. Пак не излезе по негово.

# ОГЛЕДАЛО

Првите лекции
по искреност и тврдоглавост
ги учиме од огледалцето:
пред секое заспивање
во детското креветче
во сказната за Снежана
и седумте џуџиња
го слушаме прашањето:
*Огледалце, огледалце*
*најубав на светот кој е?*
И, секогаш најубава е Снежана,
да пукне од мака маќеата!
Научуваме, тогаш, дека
не секогаш со искреноста
врви и самобендисаноста:
има и такви, ако не се и мнозинство,
кои сметаат дека огледалото
е волшебно и дека од чавка
може да направи гулаб!
Така било тоа: плукни-залепи,
окус-покус препарандус!
Огледалото е висока школа
на нарцизмот и тие што
мислат дека се такви,
ја завршуваат уште пред
да го стават на образи
првото руменило. Сешто си
бладаат додека се огледуваат.
Убаво им рекол народот:
не ти е криво огледалото,
ако ти е грдо лицето. А тие,

не па не, ќоро е огледалото
и сите вие што му верувате
повеќе на огледалото, а не нам,
исто така сте слепци.

Тоа, пак, не значи
дека нема и криви огледала,
како што има и криви магарици:
огледала што зголемуваат, што
се направени така, да ги
искривуваат сликите. Пред
таквите огледала најчесто
се снимаат хорор-филмови
и по некоја комедија. Во
таквите огледала, кога ќе
завршат филмските снимања,
се огледуваат цели држави,
па потоа се гаснат рефлекторите:
Комедија е финито! Ѓаволи е финито!
И младите деца знаат дека
во таквите држави сиромаштијата
е огледало на животот, а не
градините мирисливи што ни се
прикажуваат во огледалата. Во
таквите држави пластичната
хирургија е мошне развиена гранка:
цап-тарап и црвеното салдо што
се прикажува како безболна црвена дамка
заличува на нешто нормално и безболно.
Кој не верува, нека погледне во огледалото.
Не џабе се рекло за кривите огледала
дека помалку го покажуваат она што е пред нив
отколку што го сокриваат она што е зад нив.
И на боговите не им е лесно какво огледало

да изберат кога најмалку еднаш годишно
проверуваат
дали сè уште се толку убави, моќни и
бесмртни.

# ДОЛГА ПЛОВИДБА

# ДОЛГА ПЛОВИДБА

Сонцето пекнало,
езерото маслосало,
ветрот стивнал – сè е
како нарачано за долго
планираната долга пловидба.
Испоскокавме во чамецот,
речиси претоварен,
и исපловивме веднаш
без да му ја мислиме многу.
Зад нас во езерото се здадоа
едно чудо пливци – сеќавања
уште од детски денови.
И соништа, уште од детски денови.
Мававме по нив со што
стасавме: со весла,
со рибарски стапови, мрежи,
ченгели, сторивме сè
што можеме да ги одвратиме
неканетите пливци од оваа
долга пловидба. Око да не
им трепне. Ни да чујат дека
овој пат навистина пловиме
кон иднината. Сеќавањата не
знаеја и немаа никаков
опит со иднината. Прв меѓу
пливците зад нас, Самуил
со браќа му и историските читанки.
Меѓу нив и некакви, ги викаа
фаланги, и пезевенци со
директно античко потекло.
Немирно се држат на езерската

згорнина и недобројни листови
од кинеските палми засадени
на брегот на езерото – итаат
да го фатат последниот бран
што ќе ги однесе од оваа стварност,
во која, за утеха, има и
ајле нестварност. На пример,
ништо не ти е, а закрепнуваш.
Меѓу нас на чамецот нема рибар
што се разбира во брзите
промени на времето. Доцна ни текна.
Наеднаш езерото толку збесна
што никој не можеше да
претпостави дали и кога воопшто
ќе стасаме на брегот, каде било,
само на брегот, на суво. Се лулеевме
како вејки на ветрот, улавите
бранови немилосрдно се плискаа
и нè плескаа, ни го поткреваа
стравот до помочување,
со опроштение. Некои лелекаат,
некои врескаат, сè за џабе.
Јас молчев, за џабе. Така е секогаш
кога си во рацете на Горниот.
Сал една обврска ни беше заедничка:
како да го замолиме
баш тој, Горниот, да ни помогне
да го преживееме некако овој
страшен метериз што нè фати,
кога знаеме дека тој и никој друг
ни ја свари оваа каша и удри
воден жиг врз нашата беспомошност.

# БРОДОТ МАКЕДОНИЈА

Само триесетина километри му е пловната
патека
и неа не може да ја исплови на раат бродот
„Македонија“.
Во убавите времиња постојано имаше
прекубројни патници.
Сега празен и сѐ попразен е. Ги нема
Охридските трубадури
да им засвират на патниците некоја од оние
нашите.
А, којзнае дали и на патниците, отсутно
загледани
некаде далеку, кај што им се најблиските, им
дошло до песна.
Во убавите времиња откај Св. Јован Канео
на патниците на бродот „Македонија“ им
мавтаа
со бели марамчиња Радослав Петковски и
рибарот Климе.
Нив сега ги нема кај Св. Јован Канео, ги нема
ни во лектирите, којзнае кај ги витосало
новото време.
Во убавите времиња патниците на бродот
„Македонија“
имаа сламени шешири на главите и гланц
испеглани пантолони,
бродот ги знаеше сите вкусови на езерото и
на рибите,
а неброени пати ја беше вкусил и потта на
патниците.
Сега небаре питачи вози во искинати

фармерки,
вреват, кашлаат, плукаат, гнасотилаците ќе
ги премолчиме.
Што и да прават бродарите, никој не
излекува поука.
А, таквото однесување му остава лузни во
душата
на бродот „Македонија“, живи рани: не се
допловува
лесно до брегот со толку многу јавни
понижувања.
Рана есен е, а сонцето како да е зимско
на пристаништето во Охрид. Остаре бродот
„Македонија“
и исплови на последната пловидба, до
каналот
што можеше да се нарече и отпад на стари
пловила.
Ќе го врзат таму како куцо магаре и не оти
некој
утре ќе се сети на бродот „Македонија“. За
тоа му
е најмногу жал, за заборавот што расте
повисоко од Галичица.
На последната пловидба бродот
„Македонија“
гордо го насочи клунот кон сонцето –
остро ги засече езерските води, колку да се
види
дека не е баш старо железо и си прошепоти
нешто во себе – на македонски.

# ЗАЗОРУВА

Лете порано,
зиме подоцна,
важно – зазорува.
Денес зората ме фати
со директен ТВ-пренос
од еден важен тениски меч
што се играше преку големата
бара, каде што зората,
откога постои, доцни
барем шест часа од нашата.
Наместо петли, како што е редот,
кукуригаат, море завиваат,
алшамари во кафеаните
од другата страна на езерото.
Добра алшамарка надалеку се слуша.
А, петли нема ни за лек,
ни во блиските села,
каде што последните петли
ги носат од село в село
од кокошарник до кокошарник,
рента петли за расплод,
а и да има кој да несе свежи јајца.
Некои петлиња
скокаат низ политичките арени,
ама тие не се да ги пуштиш
во кокошарник, пепел ќе направат.
Петли има и на сликарските платна,
само што не пропеале. И толку.
На брегот
ноќните рибари си ги собираат
јадиците и ќесињата со уловот.

Некако не се ќеифлии,
ама не можеш да речеш
дека не им се радуваат
на преживеаните рипки,
кои пливајќи во свечен ешалон
ги испраќаат рибарите дома.
Рибарите им отпоздравуваат
и на жабите, кои, исто така,
свечено крекаат во трските
каде што таа ноќ немаше крапови.
Не ми се излегува од дома:
со кои очи пак ќе го видам
големиот поет престорен
во бронзен чувар на ѓубрето
во центарот на градот.
Кој ќе се протина
низ толку кладилници
до единствениот киоск
за весници во градот?
Се рекло: по утрото
денот се познава.
Има и такви што веруваат,
но се наоѓаат и инакви
кои ја повторуваат
пораката на оптимистот:
има и полошо, има, има –
само треба да се верува!
Се учам сам да си варам кафе.
И утринава е со отпојќе шеќер:
денот ќе биде шеќердисан,
како и песнава.

# ЗАЈДУВА

Кејот крај езерото
се полни со луѓе,
кои како разгргорени
потоци итаат кон утоката.
Сите си имаат закажано
средба со ветрето
што тивко поддувнува
откај езерото. Има и такви
кои итаат да си ги насладат
очите: поарно полни очи,
празни раце, отколку полни
раце – празни џебови. Тоа му
доаѓа како животно мото
на наперчените аеродроми
за муви, ќелавици што,
додека зајде, ги заменуваат
уличните светилки.
На крилјата на брановите
на незнаен начин доаѓа ведрината,
радоста живнува.
Еден чекор, два збора.
Бива и една речи, две слушни.
Зависи од правецот на ветрето.
На три клупи распоредени
во тревникот до кејот,
распоредени како буквата П,
заседава отворениот уличен
институт за зборување и озборување
по сите можни прашања
во градот, светот и околината.
На пријателите им се дошепнуваат

тајни, а пријателите си имаат свои
пријатели. Затоа тајните
наликуваат на светулки. Брзо
светнуваат, побрзо се гаснат.
Една дама во прозирна кошула
ита со своето кученце
со црвена панделка. Кој ќе
ја доследи со погледот, ќе види
дека на кученцето му се мочкало.
Веќе е убаво зајдено
на кејот крај езерото.
Полека се спојуваат
лаците на мостот –
среде мост сека вечер
се среќаваат сонот и зората
и си ја разменуваат
штафетата на животот.
Снобовите се враќаат
од елитните концерти,
уличните свирачи се прибираат
да си го избројат работниот учинок.
На кејот има луѓе што,
колку што подолго живеат,
помалку знаат каде
исчезнуваат птиците
кога ќе зајде, каде им е
скришното место?
Еден веселник страсно
ги убедува уморните луѓе
на клупите на уличниот институт
дека ако уште непрооден
убаво го зграпчиш сонцето,
цел живот ќе го протуркаш таму
каде што тоа никогаш не зајдува.
Кутриот сонцељубец, згора

и шверцер на џебни сонца.
Времето веќе доцни во кафеаните
отспротива кејот. Од две места
Зајди, зајди јасно сонце, од третото
Огреала месечина. Сонцето зашло,
месечината огреала. Стварноста
сама чекори по кејот, башка
и си зборува самата со себе.

# СОНЧОГЛЕДИ

Се смалуваат сончевите денови.
Се смалуваат и обработливите површини.
Сал полињата сончоглед се шират ли шират.
Колку што се шират полињата сончогледи
толку се смалува и уверувањето
дека тие се вртат, севезден се вртат кон
сонцето.
Само старците што не гледаат телевизија
предупредуваат дека е срамота да се вели
дека новите сорти сончогледи
се обични вртикапи: кој со какво ѓубре
ќе ги прихрани, натаму се вртат.
И му испраќаат вештачки насмевки
на секое ѓубре, кое си останува – ѓубре.
Простачките озборувања говорат
дека баш кога нема сонце и врне дожд,
сончогледите налегнуваат еден врз друг
и прават дополнителна влага во природата.
А, навистина се истури дожд –
од десното око на една бегалка,
и ги избриша сите траги од кометите,
кои и онака беа брзи, а полуписмени.
Луѓето без чадори и најлонски наметки
акаа низ полињата, па низ пазарите
да си купат малку сончева иднина.
Акајќи така, си ја изгубија сегашноста,
или некој ербап им ја украде:
окус-покус препарандус, знаете како оди тоа.
Неколкумина изнемоштени под стариот даб
ги гледаат налегнатите сончогледи
и се мачат да се сетат како се вика

она животинче што се вовлекува самото во
себе.
Во такво животинче сакаат да се престорат
и век да векуваат, без сонце, ама и без дожд.
Нема веќе да маршираат и кога спијат,
и нема да го потсвирнуваат маршот на
заспаните
кога ќе им дојде редот за туширање.
Веќе знаат дека среде сончогледите,
од обичен распукнат камен ќе изникне гнев,
сончогледите пак гордо ќе се исправат
и ќе гледаат, да се изнагледаат кон сонцето
со наук во коренот: од себе не се бегало.
Ништото може некогаш да живне,
ама си останува ништо.

# ПРЕСТАП

Триста теоретски
и ѓоа теоретски
тандара-мандари
се напишани –
за пишувањето.
Од мудри – помудри,
од умни – поумни.
Денес јас самиот
мошне нагледно
се уверив дека
пишувањето е – престап.
Ѓоа немав друго време,
па на егејската плажа
попладнето го понесов
ајпадот да дочкртам
некоја дребулија
останата од вчеравечер.
Вдаден во компјутерот
не ни видов дека Јана
со сите со кои бевме на плажа
радосно влегла
во топлите морски води,
за оттаму, по некоја минута,
да ми викне на сет глас:
„Дедо, доста пишуваш,
ајде во морето“.
Ете, така, на самото место
бев фатен како правам
сериозен престап
кон саканата внука.
Па, нека ми расправа
сега некој мудрословец
те ова, те она било пишувањето.

# ЗАМРЗНАТА ПЕСНА

За Божик секогаш студи во Битола, секогаш.
На Широк сокак – широка студ, крајот не ѝ се
гледа.
И на луѓето им студи, нагунтани се во
капути, јакни,
да си ги стоплат телата, белки сосе душите.
Токму на Широк сокак, битолското
Шанзелизе,
со часови стоеше едно девојче. Со виндјакна,
додуша малку потенка, без капа и без
ракавици.
Со волшебниот детски глас низ улицата ја
разлеваше песничката:
„Дедо Снешко, зимски цар,
утрово ни донел дар,
од облаци сито зел
и посеал снежец бел.“
Минувачите подзастанувaa,
некои вистински уживаа во детската
песничка,
некако празнично, човечки. Повеќето ѝ
оставаа
по некоја паричка во празната кутија што
беше
наземи, токму пред нозете на девојчето.
Некои минувачи оставаа коледе – кој што
носи со себе:
костени, јаболка, ореви, смокви. Девојчето ги
гледаше
и сал си пееше, претворајќи ја болката во
радост.

Најсетне, кога песната ѝ замрзна, малечката
објасни:
„Мама и тато се дома, не работат. Што собрав
троа
пари и лепче, за празниците ќе има што да
јадеме.
А, песничката? Па, ја научив на училиште.“

Веќе знае дека животот не пишува само
романи
туку и замрзнати песни, а кога ќе
потпорасне,
бездруго ќе ја прочита бајката на Андерсон
„Девојчето со кибритчињата“.

# БУНАР БЕЗ ДНО

Секое утро една несреќна старица
фрла метална кофа во бунарот, да си го
подзамие животот, си вели.
И секогаш секое утро се мачи
да ја извлече кофата. Кофата
секиден е сè потешка и секогаш празна.
Од празна кофа не се замива
животот и сеќавањето на животот.
Бунарот без дно денес се копа лесно,
со ласерски амнезијатор.
А ќе дојдеш до дното, а ќе заборавиш
што има на дното и особено што има
под дното. До дното и се доаѓа за да
се исчепка што има под дното. И
колку дна има во бунарот. Дали под
секое дно, додека се дупчи
до зоната без дно, се случува нешто
или се наоѓаат остатоци од дални случувања,
оти од секој злостор, се знае, останува
макар едно зрно на вистината
што се фрла во бунарот без дно.
Дно нема, а сите ѝ ветуваат
на несреќната старица дека
ќе ѝ помогнат да достигне ново,
подлабоко дно. Таа, пак,
веќе подналутена, го плази јазикот:
на куково лето, вели, ќе се дознае
дали душата има дно. Утредента
несреќната старица се чуди од каде
неколку зрна згрутчена крв
на дното на металната кофа.

Штом толку ве бива, им вели
на ласерските копачи, направете
и ДНК на душата. И на темнината.
Зашто, како што гледате,
ноќите сè уште се без ѕвезди –
дење ги има, ама не се гледаат.
И внимавајте кога дупчите подлабоко,
предупредува несреќната старица,
можеби долу има и некој ангел
заглавен во некое пештерче
со сталагмити од згрутчена крв.
И, викнете малку кога дупчите,
одерете ги еднаш тие нежни грла,
скорнете ги лутите рани –
сосе раните ќе скорнете и некој убав спомен,
а можеби ќе ја допрете и иднината.

# ШТО ДОНЕСУВА НОВИОТ ДЕН

Едно јато охридски галеби,
капнати од ноќниот риболов
и од сè што се прави ноќум,
нашле отпочин на клупите
на кајчето што се лулее крај брегот.
Небаре туристи од прва класа
галебите крајно љубопитно
го бистрат погледот кон новиот ден.
Навистина, што донесува новиот ден?
Нов ден, нова нафака. Тоа е старо.
Обратно од посакуваното, денот
се токми да донесе купишта мелено
месо со изминат рок на траење,
едно чудо дупнати тенџериња
од последните студентски демонстрации,
ветерници што вртат во празно и
не произведуваат струја, а на Дон
Кихот удобно завален во неостварените
идеали баш му е гајле за струјата.
Темнината е време на храбрите.
Санчо Панса се мачи точно да утврди
дали баш на разденување
молчењето се претвора во лудило –
во парадна надуеност положува букет
свежо цвеќе на незнајниот шут.
Галебите молчат, пак молчат:
чекаат нивното суеверје најпосле
да им донесе љубов. А, секое молчење
не се претвора во љубов, како што не е
галеб сè што е бела птица,
гуската на пример – ако е голема.

Утринава, кога влезе во своето кајче,
на кајчарите не му беше јасно зошто
галебите го беа сардисале
баш неговото кајче, ама беше
сосема уверен дека галебите,
кога се разлетаа, му ја фатија
накај најубавата плажа, отшто
беа љубители на топлес, а некои
од нив богами и на угул голи.
Галеби како галеби, на оние во
топлес или угул голи што се,
им застануваат на рамена,
подолу не чепкаат,
а за оние забеганите, кои
наутро чекорат по површината на езерото,
ич петпари не даваат. Не сакаат да си
го бербатат почетокот на новиот ден,
што можеби ќе заврши со слатко од дуњи.
Никогаш не се знае.

## ПЧЕНКИ, ВАРЕНИ И ПЕЧЕНИ

Сезоната на црешите помина
и сега една речиси средовечна мајка
(типична „стечајка“)
со ќерка и второ-трето одделенка
(типичен расадник на неостварливи желби)
секоја вечер на пристаништето
им продаваат на туристите толпи
пченки. Пченки варени и печени,
пченки шеќерки, од најновата сорта.
Конкуренцијата не е мала,
но мајката и ќерката не си гинат
грлата со понуди за потрошувачите –
само љубезно им се насмевнуваа
на тие што ќе застанеа пред нивната тезга.
Во тие насмевки имаше зрна
пченкарен инает на оние што
ги довеле до ова дереџе:
да бидат живи сведоштва
и столчени експонати на една пропаст.
Очињата му играат на девојчето,
навреме го видела струполувањето
на кулите од облаци, а и општо
е познато дека кога нешто го боли,
детето не се двои од мајка си.
Две слатки женски суштества,
една судбина – горчлива.
И жешка како пченките што ги продаваат.
Знаат, прочитале некаде,
дека лековити биле пченките,
дека содржеле многу антиоксиданси
и ја спречувале појавата на ракот.

Знаат, прочитале некаде,
дека пченките се доталкале тука
од плантажите на древните
американски Индијанци и можеби затоа
не сакаат да гледаат каубојски филмови
на телевизија. Уште тој прозорец кон
светот им остана, па се мачат да ја
платат претплатата, колку-толку,
оти од оваа кожа во друга не се може
и има поважни работи од гледањето
телевизија.
Во подобри времиња се туркаше
живејачката,
скромно, ама, сепак, се туркаше –
девојчето кога беше помало
од лушпите на пченките си правеше кукли,
се токмеше, кога ќе порасне,
во нив да ги завиткува
првите љубовни воздишки.
Сега во лушпите се завиткуваат
пченките, варени или печени –
купувачите, речиси сите
тетовирани, во маици без ракави,
да не си ги изгорат нежните дланки.
На пристаништето среде туристичката
сезона
мајката и ќерката – продавачки на пченки
преку ноќ научија дека зборот пченка
во речникот на нивниот живот сега има
поинакво значење. А детето како дете:
потајум се надева дека нејзините родители
сепак ќе успеат да купат нов мебел
или барем само работна маса за неа,
да не се подгрбавува кога ги
пишува домашните задачи. Во едно

пластично шишенце од негазирана вода
стави ливче со таква желба
и го пушти да плови, плови по езерото –
од него, кога ќе дојде времето,
да исплива момче Шеќерко,
подготвено за првиот бакнеж.

# ЦРН МАЧОР

Зарипнато мјаука.
Го гребе секого кој
ќе посака да го погали,
без причина. Му е гајле
што глувците за најаска
ги одбрале страниците
од првата македонска енциклопедија.
Под чинарот некои старци,
за кои велат дека во
минатите животи биле богови,
играат табла. Излижана
им е страста, истанчени фигурите,
а не оти догледуваат дали
коцката паднала на кец или шестка.
Малку подалеку
Чехов и Булгаков
братски отпиваат исти голтки
од шишето вотка. Не ја
разбираат играта, а таблаџиите
ем не знаат да играат шах
ем не знаат зошто шахот бара тишина.
Црниот мачор им го пресече патот
на двајцата писатели.

# ОСТРОВИТЕ НА ПРИНЦОВИТЕ

Одамна веќе нема султани и везири
прогонети на Островите на Принцовите
или, правилно речено, Бујук Ада, што
некако и понашински звучи,
и отшто сме немале такви големци –
ни кралови, ни принцови, ни бутури.
Островите се гледаат од Цариград
речиси со голо око, без дуљбија.
Дуљбијата – само за гледање во минатото.

Можеби баш оти биле за прогонети,
островите се еднакво чудни како
во времињата на прогонетите.
Половина острови, половина пустелија:
кога ќе престане сезоната, замира сиот
живот,
како што замирал живото на големците
заточеници.
Во ниту една куќа, во ниту еден хотел
да ми ти нема грејни тела:
а ќе застуди, а собирај си парталите
и гледај со време да фатиш превоз за
Цариград.
Задоцнувањето, во спротивно, многу студи.
Не тукутака островите се во Мраморното
Море.

Кога ќе застуди, островите се претвораат
во голем збир недвижности. Се распалуваат
само сеќавањата: во онаа дрвена вила, ете,
престојувал Лав Троцки по бегањето

од долгата рака на Јосиф Висарионович.
Од ден на ден островите на принцовите
сѐ повеќе си личат самите на себе,
на еден исчезнат свет, на кој потсетува
паларијата на Кемал Ататурк
што се лулее на една цреша гранка,
одамна прецутена.

# УДАВЕНОТО ДЕТЕ СО ЦРВЕНА МАИЧКА НА МОРСКАТА ПЛАЖА

*За Ајлан Кудри, бегалче од Сирија*

По морињата веќе одамна не пловат
само запечатени шишиња со љубовни
пораки.
Брановитата бесмисленост сега ја испраќа
песната
далеку од морската шир, за да биде стварна.
Такви стварни песни ем се во мода
ем се пишуваат сами. Ем се објавуваат како
фотографии во сите весници и на сите
телевизии.
А, сепак, некои стварни песни изгледаат
нестварно:
како она невино детенце Ајлан Курди,
бегалче од Сирија,
чие мртво тело морската пена на една
турска пена
го гали, ама не како што гали мајка, оти и
мајка му
на Ајлан Курди пред тоа ја проголтале
морските бранови.
Некој рече дека онака стутулено на
морскиот брег
детенцето Ајлан Курди од Сирија, со црвена
маичка
и сини гаќички, личи на кукла, личното.
Кукличе исфрлено
на морската плажа, со главата нурната во
песокта

и со рачињата свртени угоре, божем горе
има некој
кој не знае дека смртта во овие времиња
лесно доаѓа до плен.
За Ајлан Курди, тригодишното бегалче од
Сирија,
од септември 2015-тата знае целиот свет и
неговата фотографија
со неговата црвена маичка и сини гаќички,
сетики
ја прели чашата на вишокот незадоволство
во луѓето:
во морската пена оддалеку се препознаваше
страв и очај,
морската пена го заплиснуваше мигум
целото човештво,
а морето тогаш прилегаше на огромна
бездна во совеста.
Галебите разгракани, животинките
разулавени,
луѓето немаат каде да бегаат освен во
самите себе.
Ни пештерите, ни растенијата, ништо веќе
нема
да биде исто. Тука, на турската плажа кај
што лежи
мртвото тело на бегалчето Ајлан Кудри,
јасно се гледа
дека веќе ништо нема да биде исто, дека
сите
ветувања и надежи се парталосани, лажни,
бесмислени.
Како сите да допловивме во епохата на
неизмерна

самотија, беспомошност и напуштеност на
целата планета.
Од мртвото детето не можам да го видам
човештвото,
напиша некој на Фејсбук. Тоа дете, Ајлан
Кудри, што
ни морето не го сакаше, туку му го врати
назад
на новиот светски поредок. Тој, поредокот,
на сите
им ги отекува ушите дека го спасува светот,
ама
се некако во судниот момент снемоштува. Не
заборава
само севезден да ги потсетува врсниците и
повозврaснатите од Ајлен
дека треба да молчат и да пливаат. Повеќе да
молчат,
а со пливањето само ќе се каже кој до каде
може.
Во меѓувреме, Посејдон спокојно си ‘рчи во
вековната заспаност,
а новиот светски поредок севезден е буден
и одвреме-навреме божем го прашува
Посејдон:
Кој тоа таму ги брка од домовите
и ги дави во моријата другарчињата на
Ајлан Кудри?

септември, 2015

**РИСТО ЛАЗАРОВ**
**(био-библиографска белешка)**

Роден на 3 октомври 1949 година во Штип. Поет, преведувач, критичар, есеист. Завршил југословенска книжевност со македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Работи како новинар. Бил генерален директор на Новинската агенција Танјуг и претседател на Европската асоцијација на новински агенции. Бил и главен уредник на меѓународното списание Балкан форум во кое свои прилози објавуваа Гинтер Грас, Чеслав Милош, Јосиф Бродски, Ханс Магнус Енцесбергер, Лешек Колаковски, Адам Михник и други врвни интелектуалци од целиот свет. Од 1997 до 2014 година бил директор и главен уредник на националната телевизија Телма.
Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1972 година. Претседател на Македонскиот ПЕН центар од 2006 до 2014 година. Член е на Чешкиот ПЕН центар.

**Поезија:**
Ноќна птица во паркот (1972)
Јана (1980)
Грозен кикот (1983)
Капки кисела вистина (1985)
Лет(о) преку океанот (1988)
Горјан во Дорјан (1988)
Одрони, избор (1988)
Точка на вриење (1990)
Од Битола појдов (1993)

Одвајнадежна (1993)
Силјан штркот уште еднаш ја облетува Македонија (1995)
Јаве, избор (1998)
Херакле (1998)
Колумбо (2000)
Тројца за преферанс (2001)
Одмолчена (2003)
Ненадејна (2005)
Чехопек (2006,2007)
Среде (2008)
Жива рана, избор (2008)
Сонот на коалата (2009)
Избрани дела во четири тома (2009)
Поезија, избор (2010)
Кревалка (2011)
Ситночекорка (2012)
Јана/Јана (2013)
Светилничар (2013)
Препки (2014)
Вампирското (2015)
Птици (2016)

**На странски јазици:**

Siljan the Stork Flies Over Macedonia Once Again (1996)
История болезни (Москва, Русија,1996)
Јавне песме (Просвета, Београд, Србија, 2003)
Силян  Щърка още веднъж лети над Македония (Софија, Бугарија 2006)
E Beftë  (на албански,2006)
Heraklej (Љубљана, Словенија 2006)
Cechovabeni (Брно, Чешка 2007)

Shoes for My Father, Перт, Австралија (2010);
Отплесана историја (Архипелаг, Београд, Србија 2012)
A Seashell Anchored In The Centuries (2014, Poetry Pacific, Vancuver, Canada)
Препреке, 2015, Повеља, Краљево, Србија)

Циклуси од поезијата на Ристо Лазаров се објавени на германски, француски, шведски, турски, романски, унгарски и други јазици. Застапуван е во сите релевантни антологии на современата македонска поезија.

**Огледи и публицистика:**

Прво лице еднина (Скопје, 1982);
Лист по лист (Скопје, 2000)
Книга за животните и други огледи (Скопје, 2012)
Врежанки (2014)
Врежанки, белградски (2015)
(П)огледи (2016)

**Преводи и препеви:**

Горан Бабиќ: Столб во реката (Скопје, 1982)
Дејан Новачиќ: СФРЈ за повторувачи (Скопје, 2003)
Георги Константинов: Човекот е прашање (Скопје, 2006)
Александар Новачиќ: Досието Чехов (2006)
Абдулах Сидран: Партизански гробишта (Скопје, 2012)
Чарлс Симиќ: Несоница (Скопје, 2012)

Александар Новачиќ: Венедикт Ерофеев и хорот на пијаните ангели (Скопје, 2012)
Душко Новаковиќ: Капитулација (Скопје, 2013)
Миљенко Јерговиќ: Промена на времето (Скопје, 2013)
Карл Санберг: Чад и челик (2014)
Оскар Давичо: Покрив на луњата (Скопје, 2014)
Милица Николиќ: Руска археолошка приказна (Скопје, 2014)
Филип Давид: Книга на сеќавањата и заборавот (2015)
Александар Новачиќ: Булгаков – писма до Сталин (2015)
Славој Жижек (заедно со Бранко Лазаров); Исламот, атеизмот и модерноста (2015)
Драган Великиќ: Иследник (2016)
Милисав Савиќ: Џимиринче (2016)
Дејан Алексиќ: Да се биде (2016)
Енес Халиловиќ: Ѕидови (2016)

Автор е и на повеќе новински и телевизиски патописи.

Добитник е на повеќе книжевни награди и признанија: “Млад борец” (1972), “8 ноември” на град Штип (1972), “13 ноември” на градот Скопје (1980), наградата на МРТВ за најдобра книга за деца меѓу две Струшки вечери на поезијата (1987), наградата “Ацо Шопов” на ДПМ за најдобра поетска книга (2006) наградата “Браќа Миладиновци” на СВП (2008). Во 2000-та

година беше лауреат на Празникот на липите во Скопје, а во 2010 година е награден со Книжевното жезло и со наградата Велја кутија на Македонските духовни конаци. Во 2012 година ја доби наградата Дијалог за најдобра книга поезија (Ситночекорка).

www.ristolazarov.com

*Владимир Мартиновски*

# ПОЕТСКИ СВЕТЛИНИ ВО СЕОПШТИОТ МРАК

(Кон стихозбирката *Мрак* од Ристо Лазаров, 2016)

1.

Веднаш штом го видов насловот на најновиот поетски ракопис на Ристо Лазаров ми светна дека од своите почетоци, па сè до денес, поезијата има смелост да се занимава со мракот. Древните митови и најстарите запазени космогониски поетски визии речиси неизоставно евоцираат слики од примордијалниот мрак. Мракот на хаосот кој му претходел на создавањето на космосот т.е. уредениот свет, во кој има баланс меѓу светлината и темнината.

Но со појавата на светлината не завршил поетскиот интерес за мракот: највозбудливите епизоди од славните јуначки епови се одвиваат во мрачната внатрешност на земјата, во Царството на мртвите. Заедно со Гилгамеш, Одисеј или Ајнеј, читателот (и ден-денес) добива увид во еден грозоморен подземен свет од кој за миг се замрзнува крвта. Опевањето на адскиот мрак, како што во една прилика забележал Андриќ, говорејќи за Данте, неретко во нас остава подлабок впечаток дури и од опевањето на светлината, за која зборовите неретко се немоќни.

## 2.

Веднаш би требало да напоменеме дека поетската книга *Мрак* опева мракови кои не се далеку од нас: во утробата на земјата или, во некое далечно, егзотично минато. Ристо Лазаров пее за мраковите *сега* и *тука*. За мракобесието кое е наше секојдневие. За мракот денес. Во книгата *Духовното во уметноста* Василиј Кандински (нѐ) потсетува дека секое уметничко дело е производ на своето време и дека затоа е неповторливо. Поетската книга *Мрак* е потресна, обеспокојувачка, неповрорлива книга, која не само што е вистински плод на нашево време туку е и една од најсмелите, најбескомпромисните поетски „фрлени ракавици“ кон мракот.

Уште од првата песна, поетската книга *Мрак* на Ристо Лазаров уверливо покажува дека неговата поезија може суверено да се носи со оваа тешка, мачна тема. Воведната песна „Портокалов мрак“ суптилно го сугерира прашањето: од каде толку мрак се насобра, се наталожи, нѐ сардиса? Напишана на гробот на еден од доајените на современата македонска поезија Славко Јаневски, песната-омаж „Портокалов мрак“ уште со почетните стихови е поетски одговор на апсурдниот обид за „лустрирање“ на починатиот поет: *Знам / дека не се обѕираш / на гракањата на гавраните.*

Есхатолошките слики во оваа потресна песна се еден вид симптоми за стрмоглавиот морален пад (*во татковината во последно*

*време / се истураат разни дождови, / порои, поплави*), чиишто силен сигнал е токму подмолниот чин на скрнавење и оцрнување на сликата за починатиот поет: *Гледам / сношти биле тука / некои неканети* (...) – *да ти ги гребат мртвите коски / да ти ја растревожат постелата / да ти ја оцрнат покривката.*

Преку неколку поетски слики, книжевни алузии и преку реконтекстуализација на поговорки, во оваа песна на Лазаров ефектно се покажува залудноста, апсурдноста и мрачноста на осуетените обиди за фрлање камења кон починатиот поет: *Не знаеја кутрите, / ја засолнати, ја на ачик истопорени / дека со клун камен не се крши / и со најбесен павтеж планина не се урива* (...) *и презирно им одмавнуваш / на душеболните, празноглавите / поганции на Кукулино.* Цитирајќи го Јаневски (*Ќе се покриеме со портокалов мрак*), лирскиот субјект не само што сугерира дамнешна пророчка проекција преку наведениот стих, туку и имплицитен одговор на прашањето пласирано во финалето на песната: *би се родил ли повторно во оваа татковина / и би живеел ли повторно тука?*

3.

Книгата *Мрак* од Ристо Лазаров е речовит демант на често пласираната теза за „молкот на поетите во време мрачно“. Оваа книга не го повторува веќе излитеното прашање („Чуму поети/поезија во време скудно?“),

туку има смелост да се соочи со мракот и да праша: Чуму мрак? Чуму време мрачно, скудно?

Всушност, во песните од циклусот „Мрак“ може да се насети митската магма и митемата за враќањето на хаосот. Како во древните митови, во песните на Лазаров постои суштинска врска меѓу моралниот пад на човештвото (како во македонскиот контекст, така и на глобално ниво) и апокалиптичниот макрокосмички мрак. Во овие песни се слушаат *лелакања на претците, / лелекања на потомците / во мракот без ред и правда.* Еве, поетот ни нуди лапидарна дефиниција и на хаосот и на мракот – недостиг на ред и правда! И во оваа поезија црната боја е симболот на мракот: *црни птици, црни јајца несат* (...) *црно сонце, црни реки, / црни давеници – / секој сам за себе дупка / во црна дупка пропаднат.* Во овие песни, црното прераснува во симбол на ретроградноста, застоеноста и на „црните дејанија“: *И облаците се застоени / и, се разбира – црни. / Црни сплеткари / во црните облаци / пловат ли пловат.* Поинаку кажано, мракот во оваа поезија не е само „отсутство на светлина“ туку симбол за омразата кон другите и кон себеси: *првин гризни некој друг, / па гризни се себеси* (...) *од секој хаос не се создава надежта.*

Состојбата на хаос во оваа поезија е тематизирана преку низа симболи поврзани со мракот (густа магла, марачен тунел, нигдина), кои упатуваат како на недостиг на ориентација и визија, така и на нарушената

рамнотежа: *Не знаеме кога се стемнува / и кога се разденува.* Во мракот сѐ е возможно: дури и очигледното самоуништување, специјалистите за „бескрајно повторување на лагите“ (со што се алудира на пропагандистичкиот мрак) успеваат да го прикажат како огромен успех. Како ехо од рациновите *Бели мугри,* мракот во песните на Лазаров има и социјална димензија: наспрема неодминливите „црни гробови“ од песната „Денови“, наспрема серијата песни на Рацин за обесправените работници во долгиот мрачен тунел од песната „Тунел“ на Лазаров се натуткани *пензионери без доспеани / пензии, мајки со детулиња / неколку месеци без / социјална помош.* Во социјалниот мрак, во оваа поезија за повеќето луѓе *сегашноста им се / празните џебови / што некој ербап им ги украл.* Но, како и кај Рацин, и во стиховите на Лазаров не се заборава на надежта за подобри денови, за „бели мугри“, та во финалето на песната „Нигдина“ се поентира: *Така е, / тука треба да се стави точка / и да се вдиши длабоко / мирисот на слободата.*

4.

И покрај опевањето на мракот, песните на Ристо Лазаров од книгата *Мрак* не запаѓаат во мрачништво, ламентирање и очајување. Напротив, поезијата од оваа книга прераснува во платформа на која се детектираат изворите на општ(ествени)иот мрак, како и можните патишта за излегувањето од него. Песните се смели, сатирично

алузивни, слободољубни и прецизно критички интонирани, разобличувајќи ги оние што лежерно си подигруваат со минатото и иднината, градејќи „музеј на привидот и празнината“. Така, за секоја строфа од песната „Има такви“ читателот со леснотија може да ги препознае „референтите“ т.е. оние на кои им се посветени стиховите: *Има такви: нигде нѐ водат / и многу сакаат / да бидат сакани,* или, (...) *собирачи на членарина / за постаро и поубаво минато / и ветуваат ѓоамити поубава, / а лажна и празна иднина,* или, (...) *зачетници на банкарскиот терор, / змијоглави умножувачи на пизма...*

Во овој контекст, песните од циклусот „Куче касапско“ се еден вид поетска „животинска фарма“, преку која е пласирана една силна политичка сатира. Во континуитет со претходната поетска книга *Птици* (2015), најмоќните „оружја“ на овие песни се сатиричната алузија и персонификацијата: асоцијативните врски меѓу (типовите) луѓе и животните во овие песни на Лазаров се фрапантни. Така, во „животинското царство“ на овие поетски политички „басни“ ги препознаваме „касапските кучиња“, кои ги глодаат своите „оф-шор коски“ и кои „зграпчените коски не ги испуштаат од уста“; но и низа хтонски животни, блиски до мракот. Како во некој езоповско-лафонтеновско-орвеловски свет, змиите во песните на Лазаров *кога ќе ги фатат на дело дека касаат / се вадат дека смртта на каснатите, / всушност е нивно ослободување,*

додека победените јазовци *секогаш / се претставуваат како невини жртви,* со што во овие песни се демаскира демагогијата на тоталитарното владеење.

Човечкото и анималното се проникнуваат на неколку начини во овое песни. Напати, поетот ни ги открива врските меѓу животните и луѓето, како во песната „Полжави“: *Сега снаодливите голичи / ги викаат бизнисмени.* Напати деградацијата на човечките доблести е причината за експлицитните споредби, како во песната „Црви“: *и некои луѓе / што се бројат меѓу асолните / почнуваат да се виткаат како црви.* А напати поетот ни остава сами да ги откриваме луѓето поврзани со одредено животно, како во песната „Кртови“, во која се реинтерпретира поговорката „Вреден како крт“, или, во песната „Старорци“ во која се открива дека човеколиките стаорици, всушност, алчно го грицкаат „државниот буџет“. Индикативно е дека и во овој кафкијански, мрачен циклус, поетот не се откажува од надежта дека конечно ќе проработат *силните млазови / од тушевите на историската правда.*

5.

Иако песните на Ристо Лазаров неретко се екстензивни, густината на поетскиот исказ неретко е постигната преку бравурозните алузивни и цитатни проникнувања, како и зашеметувачките реинтерпретации на познатите пословици и пого-

ворки. Шокот што поетот го постигнува неретко се должи на контрастот во однос на темата на песната или, пак, на сосема новото значење на гномичната мисла во новиот поетски контекст. Речиси секоја песна има таков стих, кој напати може да се чита и како ирониски „пресврт“ во навестената „приказна“ на песната, но и како еден вид згуснато „резиме“. Еве барем дел од таквите гномични, афористични и ироничнi стихови-коментари од песните на Лазаров: 1) *сите мали народи / изобилуваат со големи водачи*; 2) *секој има право на самоуништување*; 3) *нигдината / не се римува со иднината*; 4) *Ништо / не се прави од ништо*; 5) *Дошло доба на општ привид*; 6) *поарно рипка в дланка, отколку / желби во езеро*; или, 6) *Сега сетики ни е главна поука / дека поуките веќе не важат*!

Ова маркантно обележје на поезијата на Лазаров е особено впечатливо во песните од циклусот „Меѓу две времиња“, во кои се проширува каталогот на причините(лите) на мракот: празноглавието, празнозборјето, празнодневјето, понизноста, ведниглавоста... Во овие песни, во кои неретко се споредуваат „две времиња“ за да се укаже на деградацијата, суптилно се повлекуваат семантички врски меѓу мракот и празнината. Во една песна лирскиот субјект забележува дека *Празнозборјето ни е во крвта,* во друга (ни) открива една нова (обратно)пропорционална законитост: *Колку што снемува за јадење / расте вишокот од соништа,* а во

трета лапидарно поентира: *сиромаштијата / е огледало на животот.*

6.

Уште римскиот поет Квинт Хоратиј Флак во една песна го споредувал општеството со брод во бура. Иако се базираат на реални настани, песните на Лазаров од циклусите „Долга пловидба“ и „Бунар без дно“ во себе имаат една алегориска димензија на тема бродолом, која особено се развива во завршните стихови. Така, на пример, во песната „Долга пловидба“ се евоцира пловидба „кон иднината“, која почнува мирно, но заршува во беспомошност при силната луња. Во песната „Бродот Македонија“ се сопоставуваат слики од „младоста“ и „староста“ на култниот охридски брод, кој, дава силен отпор да не биде сметан само за „старо железо“, што е секако метафора за отпорот кон заборавот, *кој расте повисоко од Галичица*.

Всушност, песните на Лазаров се силен отпор кон заборавот на доброто и моќен отпор против бесчувствителноста за страдањата на другите. Најпластичен пример е „Замрзнатата песна“, таа македонска поетска варијација на „Девојчето со кибритчињата“, која нѐ потсетува дека и на битолскиот Широк сокак зиме деца смрзнуваат за да заработат за корка леб. Во песните на Лазаров ќе препознаеме некои нови, современи „Ленки“ и тутуноберачи, а ќе ја препознаеме и суровата стварност од

актуелната бегалска криза, која секојдневно одзема детски животи. Имено, ракописот се заокружува токму со песната „Удавеното дете со црвена маичка на морската плажа“, посветена на Ајлан Кудри, бегалче од Сирија.

7.

Песните со кои се отвора и се затвора најновиот поетски ракопис се индикативни, парадигматични и илустративни за целата книга *Мрак.* Тоа се песни во кои не се замижува пред мракот и злото. Пред кошмарната грозомора во јавето. Во овие песни не се прави обид да се ублажат и замазнат мракот и злото. Неправдите и злоделата не се релативизираат. Тоа се храбри, стамени и хумани песни. Впрочем, целата најнова поетска книга на Ристо Лазаров е смела, храбра, бунтовна. Во ова лицемерно време, на сите ни е потребна една ваква книга-опомена.

Ако во песната „Престап“, вдахновен од зборовите на внуката, поетот ја дефинира поезијата како „престап“, имаме среќа што Ристо Лазаров се осмелил, врз багажот на своето богато животно и поетски искуство, да нè почести со една ваква „престапничка“ книга. На едно место поетот нè потсетува: *Темнината е време за храбрите*.

Затоа, иако е именувана *Мрак,* пред нас, во суштина, е една светла книга.

# СОДРЖИНА


Портокалов мрак 5

МРАК
Мрак 11
Магла 13
Тунел 15
Даб 17
Глуво доба 21
Нигдина 23
Ништо 25

ИМА ТАКВИ
Има такви 31
Музеј на урнисувањето 33
Над ридот 35
Каде почнува иднината 37
Несоздадена иднина 38
Избрчкана дланка 40
Свирчиња 42

КУЧЕ КАСАПСКО
Куче касапско 47
Змии 49
Јазовци 51
Полжави 53
Црви 55
Кртови 57
Стаорци 59

МЕЃУ ДВЕ ВРЕМИЊА
Празноглавје 63
Празнодневје 65

Празнозборје 67
Несоница 69
Тажни гозби 71
Пауза меѓу две времиња 73
Огледало 75

ДОЛГА ПЛОВИДБА
Долга пловидба 81
Бродот Македонија 83
Заорува 85
Зајдува 87
Сончогледи 90
Престап 92
Замрзната песна 93
Бунар без дно 95
Што донесува новиот ден 97
Пченки, варени и печени 99
Црн мачор 102
Островите на принцовите 103
Удавеното дете со црвена маичка на морската плажа 105

ЗА АВТОРОТ 109

*Владимир Мартиновски*
ПОЕТСКИ СВЕТЛИНИ ВО СЕОПШТИОТ МРАК 115

Ристо Лазаров
МРАК

Издавач
ВЕЗИЛКА 2011
Скопје, Коле Неделковски 50/27
e-mail: vezilka2011@gmail.com

Печат
*САК-СТИЛ, Скопје*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1
821.163.3-1.09Лазаров, Р.

ЛАЗАРОВ, Ристо
Мрак / Ристо Лазаров. - Скопје : Везилка 2011, 2016. - 126 стр. ; 21 см. - (Библиотека Поезија ; кн. 14)

Ристо Лазаров : (био-библиографска белешка): стр 109-113. - Поетски светлини во сеопштиот мрак : (кон стихозбирката Мрак од Ристо Лазаров, 2016) / Владимир Мартиновски: стр. 115-124

ISBN 978-608-4738-16-9

а) Лазаров, Ристо (1949-) - "Мрак" - Критики и толкувања

COBISS.MK-ID 101837066